# Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП

## - март 2025 година -

Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП[1] за периодот 2025 – 2027 година, спроведена во март[2], покажува промена во очекувањата, поточно очекувања за помало забавување кај просечната стапка на инфлација, како и мали надолни корекции во очекувањата за растот на БДП. Економските аналитичари и натаму сметаат дека постои висок степен на неизвесност околу текот на идните случувања, со посебен акцент на зголемената неизвесност од трговските политики и случувањата во економиите на нашите главни трговски партнери. Сепак, тие не очекуваат дека ваквите случувања би имале подолготраен ефект, со што и според оваа анкета се очекува постепено стабилизирање на стапката на инфлација и забрзување на економската активност на среден рок.

Во однос на **инфлацијата**, испитаниците и натаму очекуваат нејзино натамошно забавување и постепено стабилизирање на среден рок. Сепак, патеката на очекуваното забавување според оваа анкета е поумерена. Така, за 2025 година испитаниците очекуваат просечна стапка на инфлација од 3,7% (3% во претходната анкета), којашто би се свела на 3,1% во 2026 година (2,5% во претходната анкета). На среден рок, за 2027 година испитаниците очекуваат дека просечната стапка на инфлација ќе се стабилизира и ќе се сведе на 2,7%. Испитаниците посебно ја нагласуваат зголемената неизвесност од трговските политики како фактор којшто би можел да предизвика нагорни притисоци врз инфлацијата, што може да се одрази со натамошното зголемување на трговските препреки, како и нарушувањето на синџирите на снабдување. Притоа, и натаму ги истакнуваат продолженото времетраење и неизвесноста околу војната во Украина и климатските промени, коишто влијаат врз цените на примарните производи, а особено врз цените на храната и енергијата. Како домашен фактор со слично влијание се посочуваат можните зголемувања на платите и на пензиите. Од друга страна, како фактори коишто би можеле да доведат до пониски стапки на инфлација се наведени пониската странска инфлација, постепеното стабилизирање на цените на храната и енергентите, како и мерките преземени од страна на носителите на политиките.

Во поглед на **економската активност**, испитаниците и натаму очекуваат забрзување на растот на среден рок, но малку поумерено. Така, испитаниците сега очекуваат економски раст од 3,1% за оваа година (3,3% во претходната анкета) и 3,5% за 2026 година (3,7% во претходната анкета). За 2027 година се очекува дека растот ќе забрза и ќе достигне 3,8%. Испитаниците сметаат дека постепеното забавување и стабилизирање на инфлацијата, постепеното нормализирање на финансиските услови, како и растот на платите и пензиите би придонесле за раст на личната потрошувачка,

[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Северна Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања", коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП", чијашто нова структура го следи кварталниот прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html), што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.

[2] Анкетата се спроведуваше во периодот од 11 до 18 март 2025 година.

што би се одразило позитивно врз економскиот раст. Покрај ова, испитаниците очекуваат раст и на инвестициите преку зголемување на странските и на домашните инвестиции, забрзано остварување на јавните инвестициски проекти пред сè поврзани со патната инфраструктура и во енергетскиот сектор, како и на приватните инвестиции, коишто би биле дополнително поддржани од најавените кредити за компаниите со поповолни услови. Во однос, пак, на ризиците, испитаниците ги посочуваат пред сè зголемената неизвесност на трговските политики и влошените изгледи за раст на економиите на главните трговски партнери, особено на Германија, неизвесноста од идниот тек на војната во Украина, како и климатските промени и нивното влијание врз синџирите на снабдување. Исто така, испитаниците ги наведуваат и случувањата на пазарот на трудот и емиграцијата, како и неизвесноста поврзана со текот на преговорите со ЕУ како потенцијални фактори на ограничување на економскиот раст во следниот период.







Во рамките на Анкетата, испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[3]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали е прикажана на следниве графикони, а резултатите главно се совпаѓаат со стапките што ги очекуваат испитаниците.

[3] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.










Во однос на очекувањата за **стапките на инфлација**, распределбата на веројатностите за оваа и за следната година упатува на поместувања кон повисоките интервали и поголема концентрација во и околу интервалите на очекуваната просечна стапка.










Кога станува збор за очекуваната **стапка на раст на БДП**, распределбата на веројатностите за оваа и за следната година упатува на поголема концентрација во и околу интервалот на очекуваната просечна стапка.